This project is funded by the EU

ОГЛАС ЗА Front End Developer

Проектот за техничка помош EUROPEAID / 139628 / DH / SER / MK “Унапредување на производството и дисеминацијата на статистичките податоци”, има потреба од ангажман на помлад не-клучен експерт (НКЕ) Front End Developer.

Активностите во овој ангажман се дел од Компонентата 4Б на проектот “Унапредување на производството и дисеминацијата на статистичките податоци”: Понатамошно унапредување на ИКТ инфраструктурата. Оваа компонента има за цел да го преструктуира ИТ системот за статистички деловни регистри во согласност со ЕУ и меѓународните стандарди; зголемување на ефикасноста и одржливоста на системот, забрзување на обработката на истражувањата и производството на податоци.

Целта на оваа позиција е да се развијат, тестираат, спроведат и документираат два модули на ИТ системот за статистички деловни регистри (СДР) на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

Софтверските модули спроведуваат активности поврзани со креирање на претходно дефинирани и кориснички дефинирани извештаи, “замрзнати рамки”, табели поврзани со деловната демографија и други потребни резултати од системот.

Сите извештаи ги користат податоците од главната база на СДР за правните и статистичките единици, а резултатите се зачувуваат во посебна, излезна база. Оваа база ја содржи и дефиницијата на параметрите за корисничките извештаи.

Ангажманот се однесува на најмногу 55 работни дена, во Скопје, во периодот од јануари до декември 2021. Дополнителни информации се дадени во приложениот документ (TOR).

Рокот за поднесување на Вашата биографија е 21.01.2021. Ве молиме биографијата (CV) на англиски јазик да ја испратите на следната адреса: r.litova@bim-bg.com и да нагласите за која позиција аплицирате.